Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

1000 Скопје, Р. Северна Македонија

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 28.05.2021

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 12 | 2100 | 1 | |


**До**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилството, во рамките на проектот ,,На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во согласност со ЕУ стандардите" спроведува мониторинг на Националниот акциски план за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство (Истанбулска Конвенција). Владата на Република Северна Македонија на деведесет и третата седница одржана на 9.10.2018 година го усвои Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската Конвенција (2018-2023) и ги задолжи сите надлежни министерства и релевантни институции да подготват годишни Оперативни планови за спроведување на активностите од НАП-от и да ги објават на своите ВЕБ страници.

**Во декември 2020 година Националната Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство го публикува Извештајот за напредокот на Р.Северна Македонија при спроведувањето на националниот Акциски План (2018-2023) за имплементација на Истанбулската Конвенција за период од 2 (две) години и тоа од октомври 2018 до октомври 2020 година** http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/NAP-finalen.pdf.
**Во насока на спроведување на гореспоменатиот мониторинг, Национална мрежа има потреба од информации од јавен карактер во врска со спроведувањето на активностите предвидени во годишниот оперативен план за имплементација на НАП-от за ИК за ноември и декември 2020г и за 2021 година (јануари-мај).**

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. **Дали Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изработи Годишен оперативен план за имплементација на НАП-от за ИК за 2021 година? Доколку да, дали е достапен на веб страната? Ве молиме доставете го или прикачете линк од негова објава.**
2. **Дали започнавте со Спроведување на обуки на претставници на Совет за етика -СЕММ, АВМУ и медиумски професионалци за начинот на известување за прашања поврзани со РБН?**
3. **Дали во партнерство со МТСП,МРТВ, МЗ и Владата на Република Северна Македонија започнавте со спроведување на национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги?**

Национална мрежа
против насилство врз
жените и семејното
насилство

1000 Скопје, Р. Северна Македонија

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса:

**Ви благодариме за соработката,**

Со почит,

*Извршна директорка*
*Национална мрежа против*
*насилство врз жени и*
*семејно насилство*

| | |
|---|---|
| **From:** | contact <contact@avmu.mk> |
| **Sent:** | Friday, May 28, 2021 4:04 PM |
| **To:** | zaposta@avmu.mk |
| **Subject:** | [Fwd: Барање на информации од јавен карактер-Национална Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство] |
| **Attachments:** | Барање до ААВМУ 2020-2021.pdf |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Барање на информации од јавен карактер-Национална Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство
From: Глас против насилствс
Date: Fri, 28 May 2021 16:03:53 +0200
To: ‹
Cc: ‹
<

Почитувани,
Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилството, во рамките на проектот ,,На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во согласност со ЕУ стандардите" спроведува мониторинг на Националниот акциски план за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство (Истанбулска Конвенција). За таа цел во прилог ви доставуваме барање за информации од јавен карактер како и прилог 1 на барањето за спроведените активности. **Дополнително ви го доставуваме Вашиот претходен одговор за исто вакво барање за период од 2018-2019.**
**Ве замолувам во законскиот предвиден рок да ни доставите одговор по електронски пат на**

За дополнителни информации ве молам контактирајте не на
Однапред благодариме.
Со почит,
Ана

**Национална мрежа против**
**насилство врз жените и семејно насилство -**
**Глас Против Насилство**

**National Network to End Violence Against Women and Domestic Violence**
Tel.
Address:
Website:
Email:

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.